РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-12-3940/2
02-02-2024 г./v.
(2023)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3940/1 од 09.08.2023 година, против извршители ///, /// и ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-3940/1 од 09.08.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, адвокат ///, на ден 09.08.2023 година поднесена е пријава против извршители ///, /// и /// и оформен е предмет број 12-3940/1 од 09.08.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведените лица, извршители, постапувале непрофесионално, но и дека сториле повреда на член 54 став 1, став 2 и став 3 од Законот за извршување. Во прилог кон пријавата се доставени повеќе документи – налози за извршување, изводи од трансакциска сметка и други прилози.

По разгледување на наводите од пријавата и доставените документи, ДКСК констатира дека станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, во случајот надлежен орган за надзор над работата на извршителите во однос на повредите на наведениот во пријавата член 54 од Законот за извршување, е Министерството за правда. Исто така, доколку подносителот – адвокат смета дека извршителите сториле и други повреди на Законот за извршување, треба да пријави во Комората на извршители во смисла на член 78 став 1 точка г) од Законот за извршување согласно кој Управниот одбор на Комората формира Комисија за вршење надзор над

работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на тарифата и дава иницијатива за поведување на дисциплинска постапка.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut